Институт за општествени и
хуманистички науки
Бр. 108/2021
12 10 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 21 и член 22 од Законот за високо образовани и член 22 и членот 25 од Статутот на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје, директорот на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на ден 12.10.2021 година го донесе следниов

**ДЕЛОВНИК**

**за начинот на работа и одлучување на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ И НАДЛЕЖНОСТИ

**Член 1**

Со овој Деловник се уредува начинот на работа на Научниот совет Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје (во понатамошниот текст Институтот), начинот на закажување и водење на седници и правата и обврските на членовите на Научниот совет.

**Член 2**

Научниот совет на Институтот, заедно со Извршниот директор (во понатамошниот текст Директорот) се главните органи на управување со Институтот. Основачите формираат Научен совет согласно условите определени со Законот за научно-истражувачката дејност и Законот за установите. Научниот совет го сочинуваат вработените и ангажираните лица во Институтот кои се стекнале со научни звања.

**Член 3**

Советот е составен од сите лица ангажирани во Институтот кои се стекнале со научни звања. Одлуките на Научниот совет се донесуваат со мнозинство на гласови на членовите на Советот и со нив се управува целокупната работа на Институтот. Седниците на Советот ги свикува директорот според сопствена одлука или по барање на мнозиството членови на Советот.

**Член 4**

Научниот совет на Институтот ги има следниве надлежности:

-заедно со директорот управуваат и раководат со Институтот;

-заедно со директорот ги донесуваат главните управувачки акти на Институтот;

-предлага програми и проекти за истражување;

-одлучува во врска со истражувачките проекти и програми на Институтот;

-врши избор во научни, наставни и насловни звања;

-врши избор во соработнички звања

-презема мерки за усовршување на целокупните услови за истражување на Институтот;

-предлага и прифаќа организирање на студиски програми;

-прифаќа наслови на магистерски трудови;

-определува ментори на магистерски трудови;

-закажува датум за јавна одбрана на магистерски трудови;

-одлучува во врска со други работи кои се однесуваат на научната дејност.

**Член 5**

Работењето на Научниот совет на Институтот е регулирано со Деловникот за работа на Научниот совет на Институтот.

**Член 6**

Актите донесени од работењето на Научниот совет на Институтот ги потпишува директорот на Институтот или претседателот на советот.

## II. СЕДНИЦИ НА НАУЧНИОТ СОВЕТ

### 1. Закажување на седниците

**Член 7**

Седниците на Научниот совет ги закажува директорот на Институтот.

Седница на Научниот совет може да закаже и академскиот координатор, во согласност со директорот.

**Член 8**

Седниците на Научниот совет, по правило, се одржуваат еднаш месечно. За итни и неодложни прашања, кога тоа го налагаат објективни услови, седница на Научниот совет може да се одржи уште еднаш во текот на месецот.

**Член 9**

Седниците на Научиот совет се свикуваат со електронско известување. Известувањето го содржи дневниот ред кој се предлага. Известувања се праќа до сите членови на Научниот совет на нивните електронски адреси.

На членовите на Научниот совет им се испраќаат и документи, предлог документи и други материјали потребни за одржување на седницата.

## III. ТЕК НА СЕДНИЦИТЕ НА НАУЧНИОТ СОВЕТ

**Член 10**

Со седниците на Научниот совет раководи претседателот на советот или директорот на Институтот.

**Член 11**

Доколку советот се одвива со присуство, најнапред претседателот на советот утврдува колку членови на Научиот совет се присутни и дали го има потребното мнозинство за полноправна работа и одлучување. Доколку се води електронски, академскиот координатор го евидентира присуството на членовите и утврдува дали го има потребното мнозинство за полноправна работа и одлучување.

**Член 12**

Научниот совет може да работи и полноправно да одлучува ако на седницата присуствуваат најмалку една третина од неговите членови.

Доколку на седницата не присуствуваат доволен број членови за полноправно работење и одлучување, седницата се презакажува, за не подого од 72 часа.
Членовите на Научниот совет кои не присуствувале на седницата, за нејзиното презакажување информираат преку електронска пошта или на друг погоден начин.

**Член 13**

Откако ќе се утврди дека на седницата присуствуваат потребниот број членови на Научниот совет за полноправно работење и одлучување се утврдува дневниот ред.
Дневниот ред се прифаќа кој е предложен од страна на директорот или со негови измени и дополнувања.

**Член 14**

По утврдувањето на дневниот ред, се расправа по сите точки, по редоследот кој е утврден. Секоја точка од дневниот ред кусо ја образложува академскиот координатор, предлага соодветни заклучоци, предлози и отвора дискусија.

**Член 15**

Претседателот на советот или академскиот координатор им дава збор на пријавените дискутанти по редот по кој се пријавиле.

Пред да му даде збор на наредниот дискутант, претседателот на советот ќе му овозможи реплика на спомнатиот во дискусијата. Дискутантот има право на реплика. Во ваков случај претседателот на советот води сметка расправата да не премине во дијалог или меѓусебна вербална расправија.

Пред да му даде збор на наредниот дискутант, претседателот на советот или академскиот координатор може да побара појаснување или информација од претставници на стручните служби кои се присутни на седницата.

**Член 16**

При дискусиите претседателот на советот води сметка дискутантите да не се оддалечуваат од темата на дискусија и за разумното време за дискутирање или реплицирање.

Претседателот на советот ќе ја прекине дискусијата и ќе му го одземе зборот на дискутантот кој не се придржува на темата, непотребно временски одолговлекува со дискусијата или се однесува непристојно.

## IV. ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 17**

Научниот совет одлучува со мнозинство гласови.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови, но не помалку од 1/3 од вкупниот број членови на Научниот совет.

**Член 18**

Научниот совет, по правило, одлучува со јавно гласање.

Научниот совет може да одлучи за одделни прашања, да се одлучува со тајно гласање.

## V. ЗАПИСНИК

**Член 19**

За седницата на Научниот совет се води записник. Записникот се усвојува на една од наредните седници. Усвоениот записник го потпишува записничарот.

**Член 20**

Доколку некој од членовите на Научниот совет не се слага со оодделна одлука, по негово барање, неговото мислење може да биде посебно наведено во записникот.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НАУЧНИОТ СОВЕТ

**Член 21**

Членовите на Научниот совет имаат право да:

- предлагаат измени и дополнувања на предложениот дневен ред;
- дискутираат по секоја точка од дневниот ред;
- реплицираат на дискутантот;
- предлагаат одлуки, заклучоци или ставови;
- предлагаат донесување, дополнување, менување или укинување на општи акти;
- членуваат ва комисии и тела на Научниот совет.

**Член 22**

Членовите на Научниот совет се должни да присуствуваат на седниците на советот и да допринесуваат во неговата работа.

Претседателот на советот ќе го опомени членот на Научниот совет кој неоправдано изостанал од неговата седница. Доколку неоправданото отсуство се повтори и по опомената, претседателот на советот е должен да предложи поведување на дисциплинска постапка пред директорот на Институтот.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

За правилната примена на овој деловник е задолжен директорот на Институтот. Измени и дополнувања можат да се вршат по постапката на негово донесување.

**Член 24**

Овој деловник влегува во сила следниот ден по неговото објавување на интернет страницата на Институтот.

Скопје, 12.10. 2021

Проф. д-р Катерина Колозова

Директорка на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје